# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 20.07.2005 година

**Заклучоци и препораки по точките од дневниот ред за 3.седница на НСП**

**Т.1 Усвојување на записникот од 2.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои записникот од 2.седница на НСП.

**Т.2 Информација по превземените активности кои произлегуваат од заклучоците од 2.седница на НСП.**

Советот ја усвои информацијата за превземените активности.
НСП по добиените информации заклучи дека преземените обврски по точките од 2.1, 2.2 и 3 од 2.седница се реализирани. Додека за преземените активности по точките 4, 5, и 6 кои се однесуваат на измени и дополнувања на Законот за платен промет и подзаконските акти, НСП продолжува да работи согласно досега преземените активности и прифатените обврски со новиот аранжман со ММФ, со што заклучоците по овие точки се пренесуваат во точка 3 од денешната 3.седница на НСП.

**Т.3 Измени и дополнувања на Законот за платен промет и подзаконските акти согласно со досега превземените активности и прифатените обврски пред ММФ.**

По однос на оваа точка НСП го донесе следниот заклучок:

Се Усвојува акционен план за реализација на обврската за измени и дополнувања во Законот за платен промет и подзаконските акти до крајот на 2005 година, која произлегува од предвидената динамика во матрицата од аранжманот на ММФ. Се задолжува работната група да ја продолжи започнатата работа на измени и дополнувања на Законот за платен промет и подзаконските акти согласно предвидената динамика со Акциониот план:

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 310-8108 (Централа); + 02 310-8282
Факс: + 02 310-8357 (Централа); + 02 312-2109
Телекс 51415 NARBAM MB

**Акционен план**

| Р.б. | Активност | Краен рок |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на предлог за измени и дополнувања на Законот за платен промет, од страна на работната група | 30.09.2005 |
| 2. | Изработка на предлог за измени и дополнувања на Упатствата кои го регулираат платниот промет, од страна на работната група | 30.09.2005 |
| 3. | Усвојување на предлозите од страна на Националниот совет за платни системи | 14.10.2005 |
| 4. | Усвојување на предлогот од страна на Владата на Република Македонија преку надлежното Министерство за Финансии | 16.11.2005 |
| 5. | Усвојување на предлогот од страна на Собрание на Република Македонија | 21.12.2005 |

**Т.4 Информација за одржување на семинар за обработка на меници со консултант од Националната Банка на Белгија.**

Советот беше информиран за посетата на експертот за меници на Националната Банка на Белгија во август 2005 година. Експертот е обезбеден од страна на Financial Services Volunteer Corps - FSVC.
Советот заклучи да се информираат сите банки и да одредат по двајца вработени кои ќе присуствуваат на еднодневниот семинар кој ќе го одржи експертот во рамките на неговиот престој од 22 до 26 август 2005 година. За точниот термин банките дополнително ќе бидат информирани. Исто така Советот препорача доколку има прашања од оваа област да се доставaт до Народна банка на Република Македонија, како истите би можеле да се препратат до експертот со цел поефикасен трансфер на искуство за потребите на банкарскиот сектор и воопшто финансискиот систем на Република Македонија.

**Т.5 Дискусија по однос на проектот за едносалтерски систем.**

Врз основа на дискусијата по оваа точка советот препорача да се организира состанок во Народна банка на Република Македонија со преставници од Министерството за економија, Централниот регистер, Управата за јавни приходи и претставник од страна на банките.

**Т.6 Разно**

По оваа точка од страна на членовите на НСП беше покренат проблемот на блокадите на комитентите во ЕРИС кои потекнуваат од банки кои се во стечај. Советот го разгледа проблемот и констатира дека проблемот е од техничка природа и препорача истиот да се разреши од страна на надлежните органи.

Емилија Нацевска
Вицегувернер
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи